# МИЛЕНИУМ

Број 17

Март, 2018 година, ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци

Цена 60 денари



**Почитувани родители, драги ученици, наставници, колеги и вработени во нашето училиште!**



Јубилејот 60 години од прераснувањето на нашето училиште во основно со донесеното решение во учебната 1956/1957 година, веќе е зад нас. Нè очекува уште една учебна година полна со активности, новитети и предизвици. Можеби ќе звучи премногу оптимистички, но со право можам да соопштам дека токму оваа година ќе биде година на заедничка посветеност на решавање на предизвиците од страна на сите партиципиенти и чинители. Неуморно ќе се работи на сите полиња на делување, пред сè во насока на подобрување на условите во кои што учат и творат нашите ученици. Впрочем, сите ние мораме да сфатиме дека просветните лица и нивната просветителска дејност треба да биде целосно посветена кон учениците.

Следејќи ги промените во образовниот систем како и иновациите кои се имплементирани во истиот, во делот за професионалниот и кариерниот развој на наставниците, стручните соработници и директорот, оваа година изготвена е и Годишна програма за работа која се однесува на професионалниот и кариерениот развој на истите. Во дадената програма се содржани насоки и алатки кои ќе им помогнат на училиштето, следењето на работата да го стави во функција на подобрување на компетенциите на воспитно-образовниот кадар преку професионалниот и кариерен развој базиран на идентификуваните потреби. Во месец април следува обука од страна на компететни обучувачи, поддржана од Градоначалникот и финансирана од општина Новаци. И оваа учебна година продолжуваме со очекуваната динамика во поглед на имплементирањето на нови активности од проектите МИО, ЕКО училиште, како и проекти во организација на општина Новаци.

Исто така, сакам со задоволство да споделам информација со сите Вас, дека нашето училиште во месец јануари доби донација од АД ЕЛЕМ, во вид на парични средства за набавка на 32 прочистувачи на воздухот, во исто толку работни простории – училници. Прочистувачи на воздух ќе добијат сите подрачни училишта, подрачното основно училиште во Бач и централното основно училиште во Новаци.

Престои период на реконструкции и санации на постоечките санитарни јазли и изградба на нови за учениците од одделенска настава во централното училиште во Новаци, во подрачните училишта, како и одржување на сите училишни згради. Ќе се набават и нови наставно – образовни средства и помагала за учениците.

На крајот од ова мое скромно обраќање како раководно лице на институцијата, сакам на сите Вас да Ви го честитам патрониот празник на нашето училиште, со желби за уште поголем напредок и успех во иднина.

ВД Директор
м-р Илче Соклевски

## Вклученост на учениците со посебни образовни потреби во редовната настава



Инклузивното образование како интегрална компонента на целокупниот образовен систем овозможува соодветна едукација за сите, ги распознава и почитува различните потреби и способности вклучувајќи ги различните стратегии на учење. Работата на училиштето се организира така што за секое дете се обезбедува образование според неговите способности и можности, при што се овозможува секое дете да биде вклучено во редовната настава и да добие толку наставен материјал колку што може да совлада. Тоа има право и на индивидуално прилагодена програма (ИОП), која произлегува од редовната настава, која постојано се следи и надградува во соработка со Инклузивниот тим на училиштето, дефектологот и наставникот. Нашето училиште активно е вклучено во Инклузивниот тим кој се состои од: родители, наставници, ученици и стручна служба. Инклузивниот тим има за цел да ги идентификува учениците кои имаат проблеми во учењето, да прави месечни работилници со цел да се намалат стереотипите кон учениците кои имаат проблеми, да се даваат насоки како треба да се однесуваме кон некого на кого му е потребна помош, да се даваат насоки, мерки и стратегии на работа кон учениците со посебни образовни потреби.

## Награди – меѓу два патронати

На регионалниот натпревар во дисциплината *инструменталист* под менторство на наставникот Љупчо Недановски, ученикот Иван Јончиќ освои прво место.

На општинскиот натпревар *Детски семафор* под менторство на наставникот Пеце Николовски, ученичката Наталија Јанкуловска освои трето место.

Во организација на Друштвото на биолози на Р. Македонија беше организиран општински, регионален и државен натпревар по природни науки. На натпреварите беа освоени следните места: Благојче Петровски (прво место - општински, второ место – регионален и учество на државен натпревар); Елена Талевска (второ место - општински и трето место - регионален); Наталија Стојановска (второ место, општински); Стефан Стојановски (трето место – општински) и Викторија Соклевска (трето место – општински). Ментор на учениците беше наставничката Мимоза Донев.

Во организиција на Друштвото на биолози на Р. Македонија беше организиран општински, регионален и државен натпревар по биологија. На натпреварите беа освоени следните места: Симона Ристевска (прво место – општински, трето место – регионален); Марија Ѓорѓиевска (трето место – општински, второ место – регионален и учество на државен натпревар); Марија Митревска (трето место – општински, трето место – регионален); Емилија Христовска (трето место – регионален); Евгенија Трајковска (трето место – општински); Христијан Балуловски (трето место – општински) и Теона Јовановска (трето место – општински). Ментор на учениците беше наставничката Мимоза Донев.



Освоено второ место во футсал (машки) по повод патрониот празник на СЗУ „Кузман Шапкарев“ - Битола

Освоено прво место во футсал (машки) по повод патрониот празник на ОУ „Браќа Миладиновци“ - Добрушево

## НАГРАДЕНИ ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ НА КОНКУРСОТ НА ТЕМА:
„ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА ПАТРОНОТ“

## НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ ОД ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА:

### ПРВА НАГРАДА

ХЕРОЈОТ СЛАВКО

Полиња рамни и пусти
народ свенат, мачен...
кога Славко минуваше
омраза го затекнуваше.

Еден ден тој пушка в рака зеде
и народ со него против непријателот поведе
тој се бореше до последен здив,
а животот свој за татковината го даде.

Денес, благодарение на Славко, херојот наш
слободно живееме
и без страв нашето знаме може да го развееме.

Славко! Херoју наш чесен
ти ни овозможи слобода и мир
затоа вечно ќе те паметиме
и твоето име ќе го славиме.

Стефан Митревски IV одд.
с. Рибарци

### ВТОРА НАГРАДА

СЛАВКО

„За слобода на Македонија“ – рече
па макар и моја крв нека тече
ти до куршуми храбро одеше
смели партизани со себе водеше.

Ја пролеа крвта своја
за слобода моја и твоја
храброста му беше име
за среќно и слободно да живееме ние.

Давид Марковски IV одд.
с.Горно Агларци

### ТРЕТА НАГРАДА

ЗАТОА ШТО НИ Е ЧЕСТ

Славко!
Знам зошто гордо звучи
во училиштето за твоето име да се учи!

Во дворот
пред споменикот седам
и со храброста твоја
душа си греам.

Минуваат години бројни,
но и денес пред тебе стоиме
и бескрајно за сѐ
ти благодариме!

Христијан Велјановски II одд.
с. Добромири



### ТРЕТА НАГРАДА

ПЕСНА ЗА СЛАВКО

Борец славен беше,
со висока става,
за слобода се бореше
со крената глава.

Со пушка во рака,
ти отиде во бој,
непријател да биеш,
храбро, без да се криеш!

Во зелена гора
животот ти згасна,
со прегрната пушка,
обвиен во утринска зора!

Името твое,
остана славно,
училиштето мое
се вика Славко!

Ивана Велјановска V одд.
с.Новаци

# НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ ОД ПРЕДМЕТНА НАСТАВА:

## ПРВА НАГРАДА

ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА СЛАВКО

Во сиромашно семејство тој се роди
роден за непријателите да ги годи
четата своја да ја води
во срцето куршум да го боди.

За насмевка кај неговиот народ,
тој би го убил и царот
со пушка во рака и храброст во срце
желба за слобода се читаше од неговото лице.

Во заседа на ридој тие го фатија
и неговиот живот го скратија
четата дотрча за да го спаси
но, неговиот живот веќе згаси.

Неговата мајка почна да кука
за јуначкото срце кое престана да чука
неговиот татко за него жали
болка во гради како оган се пали.

Ги сакаше сите со целото срце и душа
не сакаше ни мајка ни татко да слуша
со мака го испушти и последниот здив
кој чекаше да излезе како лав, див.

Жените со шамии црни
и солзи како дожд што врне
на гробот негов паѓаат
херои како него повеќе не се раѓаат

Александра Бошевска IX одд

## ВТОРА НАГРАДА

ЈУНАКОТ СЛАВКО

Трепети и морници тело обвиваа,
страв до сржта продираа.
Против непријатели в темно горје,
наши борци борба тешка водеа.

Славко рака своја одмаздннчки крена,
за слобода на татковината раскрварена,
за мир низ народот измачен
за среќа во земја наша поробена.

Долги денови и ноќи луѓето скриени
во своите визби стари чекаа глас,
глас од борци наши в борба заминати
дали да тагуваат или да се радуваат?

Славковото срце в миг осети студен железен допир
тапа болка го облеа и покоси,
падна Славко на колена лесно
проговори: „победа“ – и затвори очи.

Екна насекаде победнички врисок,
народот среќен излезе без страв горделиво
но в час стана глуво,
Стана мачно...

Борци се враќаат со мртво тело
тело на нивниот чесен и храбар пријател.
Умре јунакот Славко в планина,
но победата и мртов ја почувствува.

Сите собрани крај тланик разгорен
борци, мажи, жени и деца
се восхитуваа со храброста на Славко
што животот го даде за Македонија.

Замина тој во ангелски раце
остварувајќи ја мечтата на неговиот народ.
„Славко, храбар јунаку наш
никогаш не те забораваме, ти даваме збор чесен
ти со твоето дело за нас ќе бидеш вечен“.

Марија Митревска IX одд.

## ТРЕТА НАГРАДА

**ЗА СЛАВКО**

Сакам да запеам на сиот глас
за јунакот кој се борел за македонскиот спас.
Со него се гордее земјата моја
затоа што ја бранел татковината своја.

Капка по капка – пролеал крв
која тече од Корабовиот врв.
Народот сè уште плаче
за неговиот живот – краток и мрачен.

Името Македонија често го кажувал
и со тоа патриотската љубов ја докажувал.
Народот слободен е сега
и повеќе не се плаши од непријателската стега.

Елена Талевска VIIб одд.



# ЛИРИКА

Во човековиот живот често се случуваат разни случки или настани кои можат да бидат среќни: средба со најдобриот другар, љубов кон симпатијата, животот во татковината, или несреќни: болест, измачување, разделба, смрт... Под влијание на тие настани човекот чувствува различни чувства: радост, љубов, воодушевување, тага, болка, потиштеност. Тоа што го чувствува честопати може да биде инспирација да создаде песна, стих. Тие поетски творби, преку кои човекот ги искажува своите мисли, чувства и расположби се викаат лирски песни. Основни карактеристики на лириката се: емоционалност, музикалност и сликовитост.

Според мотивот, лирските песни се делат на: љубовни, родољубиви (патриотски), хумористични, пејзажни и социјални.

## ОД ИЗВОРОТ НА ДЕТСКАТА ДУША...

**ПАТРИОТСКИ ЛИРСКИ ПЕСНИ се оние песни во кои поетот ги изразува своите чувства кон татковината.**

### ТАТКОВИНО МИЛА

Убава татковино мила,
уи секое утро нас нѐ грееш,
како што секој ден низ земјава
знамето твое го вееш.

Како што во тебе, татковино
виножитото ги прелева своите седум бои
така и во нашите вени
тече црвено – жолтата крв.

Во тебе, Македонијо мила,
сите растеме и развиваме крилја
нашиот восхит нема да згасне,
а нашата љубов само ќе расте.

Наталија Стојановска VIIб одд.

### ПЕСНА ЗА СЛАВКО

Капка по капка крв се лее,
а знамето македонско гордо се вее
во моето училиште песна се пее
за јунакот кој како сонце нѐ грее.

Пушката на рамо тој ја носел
кога непријател ќе се доближел – го косел.
со рака цврста и нога боса
се борел уште од утринска роса.

Чекор по чекор одел кон крајот
знаејќи дека ќе се извиши до рајот.

Лина Трајковска VIIа одд.

**ПЕЈЗАЖНИ ЛИРСКИ ПЕСНИ се оние во кои поетот ја опишува природата и на тој начин ги изразува своите чувства кон неа.**

### НАШИОТ ЦВЕТ

Нашиот цвет
е најубав на целиот свет
тој има волшебна боја
секој цвет ја има бојата своја

Сите пчели одат во ред
за од цветот да направат мед
убавица над убавиците
е нашиот цвет.

Стефанија Илиевска VIа одд.





**ЕСЕН**

Есента убава е веќе
кога свена и последното цвеќе
лисјата си паѓаат,
детски игри се раѓаат.

Цвеќиња убави има,
но ги натажува баба Зима
Убава е и лесна
како мала детска песна.

Сонцето убаво грее,
-се слуша птицата што пее.
Боите ѝ се како од бајка
сите ја сакаат како мајка.

Елките се зелени,
понекогаш од снег побелени,
а овошјата кои растат
есента ја красат.

Викторија Талевска VIa одд.

**ХУМОРИСТИЧНИ ЛИРСКИ ПЕСНИ** **се песни со хумористична содржина. Честопати во нив се исмева човекот или целото општество со користење на благ**




**НА ГОСТИ**

Си бил еден слон
тежел колку еден тон,
слончето треба на сцена да игра
па затоа од пивцето си пивна
и место да пее,
тоа почна да се смее.

Имаше и еден крокодил
глувци што јаде
на среде гозба
почна да плаче
му умрело неговото маче.

Кравата го теши,
па затоа реши
Со слонот да се ко браќа,
А таа да му биде сваќа.

Ангела Наумовска VI б одд.



**УБАВОТО ТЕЛЕ**

Една крава си родила теле
и си го крстила Веле
тоа теле се викало Веле
зашто се родило на Велигден
на многу убав ден.

Само што се родило тоа теле
неговата мајка вапса црвени јајца
и му даде да меле,
а потоа и убаво млеко бело
за да биде како дрен здраво цело.

Тоа теле било интелигентно
и од сите телиња попаметно
секогаш бегало од неволји
и не правело никакви белји.

Во бик пораснало тоа теле
и сега почнало сено да меле
тој убаво си го живеел својот живот
и бил жив
додека го држел неговиот здив.

Благојче Петровски VIIа одд.

**СОЦИЈАЛНИ ЛИРСКИ ПЕСНИ се песните во кои се изразува незадоволството од социјална неправда, тешкиот живот на обесправените и сл.**

### СИТЕ СМЕ ЕДНАКВИ

Го знаете она чувство
на скршено достоинство?
Кога неправдата не доаѓа од Бога
туку од човекот?

Кога си беспомошен
и надежта ти е последна утеха,
лесно е да бидиш добар,
но тешко праведен.

На луѓето навика им стана да се тажни
и со насмевки лажни.
Зарем од секогаш сиромашниот
му бил слуга на богатиот?

Зарем е срамота да работиш
да се бориш за парче леб?
Наместо да им се потсмевате
на лицата со загрозен живот
помогнете им,
подарете им бесплатна насмевка.

Под ова небо
и јас и ти и сите околу нас сме еднакви.

Кога на ист начин се смееме,
кога на ист начин плачеме,
кога на ист начин сонуваме,
кога на ист начин дишеме.

Ширете љубов,
а не омраза.
Бидете луѓе
остварете ја смислата на животот!

Ангела Тодоровска IX одд.





### СИРАЧИЊА

Тие како тишината да ја бараат
се кријат во душата нивна чиста,
тие што со погледот бараат мајчинска рака
еден збор, една желба – мајка да ги сака.

Кога доаѓа некој да ги земе
тишината ја собираат во нив
не се знаат кој е во право, а кој е крив
тие што секогаш тажно земаат здив.

Чекорот нивни тишината ја бара
и не се знае кој ден, кој час
ќе ја најдат смеата, радоста, убавината на животот
и мајка да имаат, па макар и да ги кара.

Секој ден се будат со надеж
дека утрешниот ден ќе биде убав
дека и тие ќе се закитат
со родителска љубов.

Викторија Соклевска VII а одд.

**ЉУБОВНИ ЛИРСКИ ПЕСНИ се песните во кои поетот ги изразува своите љубовни чувства кон спротивниот пол, но и кон некое живо суштество (мајката, најдобриот пријател и др.)**



**ШТО Е ЉУБОВ?**

Што е љубов, може ли некој да ми каже?
Се мачка на лепче за појадок
или пак, на лицето како крем?

Љубовта е чувство кое не се опишува
и училиште каде не се препишува
понекогаш ѝ завидувам зашто сите ја сакаат
иако поради неа и скапо плачат.

Љубовта е најслаткото нешто кога си млад
кога селото ти изгледа како град,
љубов е она меѓу момчето и девојчето
кога очите им блескаат
на кои врсниците завидуваат, но и ракоплескаат.

Љубов е кога силно ќе ги прегрнеш своите најблиски
оние, од кои немаш поблиски.

Љубовта е преслатка, најискрена и најсилна
и за секој што ја избрал
е одлука најправилна.

Евгенија Трајковска VIIIб одд.

**ЉУБОВНА ДЕФИНИЦИЈА**

Како ли се опишува љубовта?
Љубов,љубов- збор слушнат секојдневно.
Но која е тајната?
Која е вистината скриена зад петте букви?

Љубовта е жртвување и докажување,
љубовта не вреди ако во неа има откажување.
Љубовта значи вклопување на две срца во едно.

Ја открив љубовта со него случајно,
и таа остана во срцето мое трајно.
Ме зароби љубовта кон него нечујно
и направи да го сакам бескрајно.

Забрзаното чукање на моето срце ми стана навика
и денот без него – бесмислена паника.
Неговите сјајни очи тивко ме мамеа за еден поглед
и во бескрајни сонови ме влечеа.

Секој наш поглед беше моја и негова насмевка,
онака искрена и магична.
Со него научив што е љубов,
а љубов е нешто што не се опишува,
туку се доживува...

Марија Митревска IX одд.



## 1 Април

По повод денот на шегата 1 Април во нашето училиште беше организиран традиционален маскенбал.













## Велигден

По повод празникот Велигден во нашето училиште се реализираа низа активности за одбележување на овој верски празник.











## 22 Април – Ден на планетата Земја




Во училиштето на 21.4.2017 се одбележа Денот на планетата Земја. Со различни активности нашите ученици се обидоа уште еднаш да упатат апел за важноста на чистата околина. Денот на планетата змја за првпат е одбележан уште во 1969 година во Сан Франциско.







## Недела на едукација за климатски промени

Во периодот од 23.4.2017 до 28.4.2017 во нашето училиште беше одбележана ***Неделата на едукација за клматски*** промени преку низа активности чијашто цел беше подигање на нивото на свест кај учениците за зачувување на животната средина, односно да се укаже на загадувањето на воздухот и водата, радиоактивното зрачење, исцрпувањето на ненадоместливите енергенси и слично.













## Научно – рекреативна екскурзија во





**Учество на републичката ликовна изложба на тема: „Народната култура – моја трајна инспирација“** (соработка со Центар за култура – Битола)



## Светски денови на акција 2017

Во периодот од 6.11.2017 до 11.11.2017 год. нашето училиште со неколку активности се вклучи во одбележувањето на Светските денови на акција 2017 на еко-училишта и градинки.












## ЕКО самит

Претставници од нашето училиште учествуваа на шестиот Еко-самит во организација на „Здружението ОХО“, во соработка со Министерството за образование и наука.На свечена манифестација беа доделени наградите зелено знаме и сребрено ниво на најуспешните училишта во делот на еколошката едукација во образованието за учебната 2016/17. Нашето училиште по прв пат се здоби со наградата зелено знаме, при што доби можност за учество во нов проект за селектирање отпад од амбалажен тетрапак.











## Најголемиот глобален час

Одбележување на иницијативата ***Најголемиот глобален час***, која произлегува од усвоената резолуција на Обединетите нации на 25 септември 2015 година за ***Трансформирање на нашиот свет: Агенда 2030 за одржлив развој.***







## Посета на општина Коломбел, Франција

(меѓународна соработка, соработка со локалната самоуправа)

Наставничката по француски јазик и претставниците на локалната самоуправа од општина Новаци ја посетија општина Коломбел, Франција со што се зацврсти соработката на нашето училиште со оваа општина.







## Промоција на книгата „Мост меѓу две срца“

Во просториите на ОУ „Славко Лумбарковски“ беше промовирана книгата „Мост меѓу две срца“ – стихозбирка напишана од ученици од повеќе училишта. Овој проект е заедничка соработка меѓу училиштето и КИК „Новаци“.





## Меѓународен ден за правата на детето

Под мотото ***Стоп за насилство врз децата*** е одбележан 20 Ноември, Светскиот ден за правата на децата.







## Заедници за учење

Во рамките на проектот „Со читање до лидерство“ кој има за цел да ја процени јазичната и математичката писменост на учениците од почетните одделенија, да ги подобри педагошките вештини на наставниците и да ја подигне свеста кај целата заедница за важноста на овие основни компетенции на децата, на Педагошкиот факултет – Битола беше органиозиран мрежен настан на наставниците од нашето училиште и наставниците од ОУ „Мите Богоевски“ – Ресен.












## Меѓуетничка интеграција во образованието (МИО)

Имплементацијата на проектот МИО во нашето училиште придонесува кон градење на разбирање, заемно почитување меѓу групите од различни култури и обезбедува заеднички можности за борба против дискриминација. Преку интеграцијата на мултиетнички содржини во рамките на часовите се заокружени голем број сегменти од воспитно-образовната работа.







## «L'intelligence défend la paix. L'intelligence a horreur de la guerre ».

***Paul Vaillant-Couturier***



Немилите настани од Првата светска војна беа поттик да се развие соработка која ги обедини општина Новаци и општина Коломбел од Франција. Источниот фронт беше и остана место на кое секогаш ќе се сеќаваме со почит, но и место од кое многу научивме и едните и другите.

Соработката помеѓу општина Новаци и општина Коломбел трае веќе повеќе години, но од пред две години истата се прошири и на полето на образованието. Имено, основните училишта од двете општини одлучија да ги запознаат своите ученици со нивната заедничка историја, но и со француската и македонската култура и традиција.

Проектот помеѓу училиштата предвидува повеќе наставни и вонннаставни активности каде учениците преку игра и забава, но и со учење ќе се стекнат со нови знаења. Така во рамките на проектот оваа учебна година се реализираа неколку работилници по историја и француски јазик, со што им се овозможи на учениците подобро да се запознаат со битките на Источниот фронт, но и да ги прошираат своите знаења во рамките на францускиот јазик, култура и традиција. Во работилниците учествуваа ученици од VI до IX одделение и истите беа реализирани од страна на наставничката по историја Вера Секуловска и наставничката по француски јазик Славјанка Христова.



## Интеграција на еколошката едукација во образованието (ЕКО)

Нашето училиште е вклучено во ЕКО – мрежата за реализација на проектот *Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем* од учебната 2012 / 2013 год. Во текот на учебната 2016 / 2017 е направена *Анализа на состојбата на животната средина* и врз основа на добиените резултати се избрани точки на акција за секој ЕКО – стандард за учебната 2017 / 2018 год. На конкурсот за наградување на училишта кои се вклучени во ЕКО – мрежата нашето училиште е наградено со статус ***Зелено знаме*** за што се реализирани голем број активности.
















## Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта

Проектот ***Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта*** има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и да ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, и истакнувајќи ги позитивните примери, учениците опфатени во проектот можат да ја препознаат корупцијата и да се заштитат од оваа негативна општествена појава.

Основната цел на овој проект е запознање со одредени поими, односно преку одредени активности учениците да се запознаат со поимите корупцијата и антикорупцијата, да анализираат ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата, да се стават во друга ситуација и преку совладување на материјата да станат активни граѓани, коишто ќе придонесат кон развојот на модерното демократско општество.











## ОД ОБЛАСТА НА СПЕЦИЈАЛНАТА ЕДУКАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА

Во учебната 2017/18 година во нашето училиште е воведен проектот „Учиме заедно“ во рамките на програмата „Општинско корисна работа“ која е спроведена од Општина Новаци а истата е финансирана од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

Во проектот е ангажиран Образовен асистент кој помага на ученик што има потешкотии во учењето. Целта на овој проект се состои во тоа што образовниот асистент ја следи наставата заедно со ученикот, помага при совладување на наставниот материјал, помош при пишување на домашните задачи, постигнување на одредени цели кои се наменети за ученикот а во соработка со дефектологот се водат индивидуални средби кои го олеснуваат секојдневното и нормалното функционирање на ученикот.







Проектот наиде на голема поддршка од родителите, како и од страна на наставниот кадар во училиштето кој беше отворен за соработка за унапредување на наставниот процес.

# ОД НАРОДНАТА ЛИТЕРАТУРА

## Да размислуваме и погодуваме гатанки!

Гатанките се мошне важни народни умотрворби затоа што со својата прашална форма го поттикнуваат мислењето. Анонимните, народни автори на гатанките пронашле прекрасни начини да ги опишат предметите и појавите индиректно, во скриена форма, преносно.
На пример, да ја разгледаме гатанката запишана во ***Зборникот*** на браќата Миладиновци:

***Една стомна со седум дупки, тури вода не течит.***

Точниот одговор за оваа гатанка е **глава**. Човекот навистина на главата има седум отвори: два – очите, и два – ушите, два носот и еден – устата. Вкупно седум. Но, кога пиеме вода таа не истекува како што би истекла од стомна со седум отвори, нели?

Народниот генијален творец прекрасно ја смислил и гатанката за географската карта на следниот начин:

***Без вода – море, без дрвја – шума, без трева – поле, без куќи – градови, без коли – патишта, без стражари – граници.***

Во неа се спротивставени реалниот, жив предел и неговата слика на картата. Сите именки што се составени во врска со предлогот ***без*** се именки кои го означуваат она што во вистинскиот живот го сочинува географскиот предел. Зад цртата се наоѓаат именки кои на географската карта се претставуваат со

***Гатанките се мисловно-говорни игри во форма на прашање. Тие се многу стари литературни творби. Во народната литература тие имаат утврдена форма и само еден точен одговор. (гатанките се учат заедно со одговорите).***

**Да богатееме во умот!**

Ако сум мала ама цело село облечуам!
Долг Тодор без коски!
Една куќа на еден дирек!
Ни предено, ни ткаено и пак е платно копримено!
Студена змија на гуша виси!
Бела погача на ѓерамиди висит!
Жена не јет и пак ткаит, жици врлат несукани и со раце и со нозе!
Од едно огниште цел свет се греит!
Рикна вол во темен дол, чуја лисиците напрчија опашките!
Да е чоек не е чоек, а со чоека ти зборуа!
Долга Мара сенка нема!



Обидете се да ги најдете одговорите на овие гатанки кои Марко Цепенков ги запишал во Прилеп! (Марко Цепенков во приказната *Силјан Штркот* го употребува изразот ***богатеење на умот***).



English Corner

***Tongue Twisters***

A tongue twister is a specific sequence of words whose rapid, repeated pronunciation is difficult even for native speakers.

Often these are similar words which follow one another but differ in certain syllables. Alliterations are also frequent.

In addition, some tongues are difficult because of their unusual word composition (sentence structure) and therefore require a high level of concentration.

Some Tongue twisters are made for amusement, but on the other hand, professional speakers such as actors, politicians, and television / radio hosts use them as articulation exercises.

1. I scream, you scream, we all scream for ice cream
2. I saw Susie sitting in a shoeshine shop
3. Can you can a can as a canner can can a can?
4. I've got a date at a quarter to eight; I'll see you at the gate, so don't be late
5. You know New York, you need New York, you know you need unique New York
6. If a dog chews shoes, whose shoes does he choose?
7. Fred fed Ted bread, and Ted fed Fred bread.
8. She sells seashells by the seashore.
9. I wish to wish the wish you wish to wish,
but if you wish the wish the witch wishes,
I won't wish the wish you wish to wish.
10. Three witches watch three Swatch watches. Which witch watch which Swatch watch?




***Homophones***

Homophones are two words that sound the **same**, but have different **meanings**. So the words "two" and "to" are homophones, as are "ate" and "eight."

Write the meaning of the following words in Macedonian.

air ________ ________ heir
eye ________ ________ I
be ________ ________ bee
buy ________ ________ by
cell ________ ________ sell
cereal ________ ________ serial
dear ________ ________ deer
flour ________ ________ flower
for ________ ________ four
hair ________ ________ hare
hear ________ ________ here
hour ________ ________ our

know ________ ________ no
mail ________ ________ male
meat ________ ________ meet
pair ________ ________ pear
peace ________ ________ piece
right ________ ________ write
sea ________ ________ see
son ________ ________ sun
their ________ ________ there
to ________ ________ too
weak ________ ________ week
wear ________ ________ where



## *British and American terms*

British and American English often spell the same word differently, for example: labour/labor, or centre/center. There are also many cases in which the two varieties of English use different terms to describe the same thing. Here's a list of various British words together with their American equivalents.




| British English | American English | British English | American English |
|---|---|---|---|
| aeroplane | airplane | lift | elevator |
| aubergine | eggplant | maths | math |
| biscuit | cookie; cracker | mobile phone | cell phone |
| car park | parking lot | motorway | highway |
| chemist | drugstore | mum/mummy | mom/mommy |
| chips | French fries | pedestrian crossing | crosswalk |
| cinema | movie theater | petrol | gas; gasoline |
| crisps | chips; potato chips | postbox | mailbox |
| driving licence | driver's license | postcode | zip code |
| estate agent | real estate agent | roundabout (in road) | traffic circle |
| fish finger | fish stick | starter | appetizer |
| flat | apartment | sweet(s) | candy |
| football | soccer | takeaway (food) | takeout; to go |
| garden | yard; lawn | walking frame | walker |
| holiday | vacation | wardrobe | closet |
| jumper | sweater | zebra crossing | crosswalk |

## Funny English























## In memoriam

Народот вели: Добрите луѓе и Господ ги сака покрај себе.



Така ја зеде и нашата драга колешка Доља. Сеќавањата за неа се секогаш тука. Влегуваме во канцеларијата – недостасува нејзиниот глас, недостасува нејзината ведра смеа. Убавиот збор и кон учениците што ги учеше. Секогаш *мило*, *сонце* – беа зборовите со кои им се обраќаше.

Не заостануваше ниту нејзината професионалност во работата. Секогаш принципиелна, темелна, исполнителна, доследна. Комуникативна, пријатна, одмерена во соработката и разговорот со сите колеги.

Ги искажуваше, застапуваше и бранеше своите ставови. Бараше праведни одговори, кои не се наоѓаа секогаш. Ги искажуваше квалитетите на своите колеги и искрено се радуваше на нивните и сопствените успеси и среќа.

Затоа толку е тешко да се кажат нештата со зборови, за некој кој оставил позитивна трага во нашиот колектив, во нашиот живот. Кажувањата и споменувањата се секојдневни, сè нешто нè потсетува на неа. Затоа и празникот и тагата е голема.

Почивај во мир, драга колешке!



## НАГРАДЕНИ ЛИКОВНИ ОСТВАРУВАЊА НА КОНКУРСОТ НА ТЕМА: **„ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА ПАТРОНОТ“** КОЈ СЕ РАСПИША ПО ПОВОД ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА УЧИЛИШТЕТО



I место Сара Ристевска
V одд. с. Добромири



I место
Марија Митревска
IX одд.



II место Ива Пановска
II одд. с. Новаци



II место Николина Петровска VIII б одд.



III место Матеј Стојчевски
I одд. с. Далбеговци



III место
Марија Пановска
VI а одд.

Издавач: ОУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци
Директор: м-р Илче Соклевски
Редакциски одбор: Вецко Стојчевски, Билјана Стојановска, Пеце Николовски
Членови на новинарска секција: Евгенија Трајковска, Марија Митревска, Александра Бошевска, Марија Ѓоргиевска